Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| **Седмица: 34**<br>**Датум:** | | **Час: 8** | **Тема 7: Онлајн живеење**<br>**Наставна единица: Електронска пошта** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Активности<br>Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да го разбира концептот за сопствена сметка за е-пошта или слична соодветна замена и нејзино користење за комуникација | <u>**Сите можат:**</u><br>да објаснат како се праќа писмо преку пошта | Како комуницирале луѓето во минатото? Како изгледа комуникацијата преку пошта? (пишувам писмо на хартија, го ставам писмото во коверт, на ковертот ја пишувам адресата на примателот, залепувам поштенска марка, ковертот го ставам во поштенско сандаче). Какви недостатоци има комуницирањето преку обична пошта? (треба да поминат неколку денови додека писмото да стигне до примателот и треба да поминат уште неколку денови додека да добијам одговор). | 3<br>метод на разговор | Компјутери<br><br>Веб прелистувач | Дискусија |
| 30 мин. | | <u>**Повеќето можат:**</u><br>да пратат електронска порака | Проблемите во комуникација преку обична пошта се надминати со воведувањето на е-поштата, односно праќање пораки по Интернет. Зборот **„пошта“** означува класична пошта, додека зборот **„е-пошта“** означува пошта по Интернет. Слично, ако зборот „банкарство“ означува купување и продавање со хартиени пари, зборот „е-банкарство“ означува купување и продавање по Интернет.<br>• Активност за праќање е-порака. На LCD проектор демонстрирам:<br>- испраќање е-порака на еден примач;<br>- испраќање е-порака на повеќе примачи преку Интернет.<br>- испраќање документи и фотографии. Исто така преку е - порака може да се испраќа музика и видео содржини.<br>**Заклучок:** електронската адреса се состои од корисничко име, знакот @ и веб сервисот на кој е поставена адресата.<br>- Учениците се најавуваат на **имејл сметка** (која наставникот претходно ја има креирано) и испраќаат е-порака на друга адреса. Го набљудуваат изгледот на веб страната за праќање електронски пораки со следните папки:<br>Inbox – сандаче за примени пораки<br>Sent mail – сандаче за копии на испратените пораки<br>Drafts – започнати, но недовршени пораки<br>Spam – сандаче со пораки од непознати<br>Trash – избришани пораки<br>- Во учебникот на стр. 107 учениците ги споредуваат елементите од кои се состои обично писмо и елементите од имејл порака. | 3<br>метод на објаснување<br><br>3<br>метод на демонстрација<br><br>3<br>метод на практична работа | | Дискусија<br><br>Набљудување<br><br>Испратени пораки од учениците<br><br>Набљудување |
| 5 мин. | | <u>**Некои можат:**</u><br>да ги објаснат чекорите при праќање електронска порака | Ги објаснуваат чекорите при праќање е-порака. | 3<br>метод на објаснување | | Набљудување |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Разговор за начини на комуникација во минатото.<br>Главен дел: Демонстрирање како се праќа електронска порака и праќање електронска порака.<br>Завршен дел: Објаснување како се праќа електронска порака | | | Пишува електронска порака на одредена имејл адреса. | | | пошта, е-пошта, комуникација, папки. |